Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21) и член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со Годишниот план за спречување на корупција (ГПСК) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година бр. 01-596/1 од 10.02.2022 година, Директорот на Агенцијата, ја донесе следнава:

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ОБИДИ ЗА ПРИТИСОК ПРИ НАДЗОРОТ И ИЗРЕКУВАЊЕТО МЕРКИ

## 1. Предмет

Со оваа процедура се уредува пријавувањето обид за притисок при надзорот и изрекувањето мерки, начинот на пријавување и постапување по сторен обид за притисок.

Процедурата е наменета за сите вработени во организационите единици во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (понатаму во текстот: Агенцијата) кои се вклучени во спроведувањето редовни, контролни и вонредни програмски и административни надзори, надзор врз изборното медиумско претставување, стручни надзори, кои ги застапуваат интересите на Агенцијата пред надлежните судови во Република Северна Македонија (РСМ) во постапките по повод изречените мерки, како и за членовите на Советот на Агенцијата – како лица кои изрекуваат мерки, директорот/заменик на директорот на Агенцијата – како лице кое ги предлага мерките.

## 2. Цел

Целта на оваа процедура е обезбедување насоки на лицата на кои се однесува оваа Процедура и се наведени во точката 1, како да пријават обид за притисок кој би можел да влијае врз извршувањето/исходот на нивната работа, во смисла да се изврши или да не се изврши надзор; да се констатира или да не се констатира некое прекршување; да се изрече построга или поблага мерка или да не се изрече мерка, да не се застапуваат/бранат доследно интересите на Агенцијата во постапките пред судовите.

На овој начин им се помага на лицата на кои се однесува оваа Процедура, потпирајќи се врз личниот и професионалниот интегритет и стручност, законито, независно, непристрасно, етички, одговорно, ефикасно и транспарентно да ги извршуваат своите работни задачи и функции, спротивставувајќи се на обидите за притисок/корупција и доведување до состојба на постоење судир на интереси.

## 3. Дефиниција на поимите употребени во оваа процедура

3.1. Под корупција, според Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (ЗСКСИ), се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Поимот корупција, во смисла на ЗСКСИ, ги опфаќа и поимите на:

- Активна корупција - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски, и
- Пасивна корупција - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

3.2. Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

3.3. Под обид за притисок се подразбира секој потенцијален обид да се влијае на вработените во Агенцијата кои вршат надзор, на вработените кои ги застапуваат интересите на Агенцијата пред надлежните судови во РСМ во постапките по повод изречените мерки, на членовите на Советот на Агенцијата – како лица кои изрекуваат мерки и на директорот/заменик на директорот на Агенцијата – како лице кое ги предлага мерките, кој би можел да влијае врз начинот на извршување на нивните работни задачи и функции, во смисла да се изврши или да не се изврши надзор над некој субјект/и; да се констатира или да не се констатира некое прекршување; да се изрече мерка, да се изрече построга или поблага мерка или да не се изрече мерка, или да не се застапуваат/бранат доследно интересите на Агенцијата во постапките пред судовите.

Обидот за притисок може да биде надворешен или внатрешен:

- Надворешен притисок: кој се врши од претставници на медиумите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и нивните законски застапници кои се предмет на мониторинг, од политичките партии, од други физички лица, организации итн.
- Внатрешен притисок: кој се врши од раководната структура на Агенцијата – претставници на органите на Агенцијата и раководител(к)ите во Агенцијата, како и од останатите вработени лица во Агенцијата.

## 4. Комисија за постапување по извршен притисок

Во Агенцијата се формира Комисија за постапување по извршен притисок (понатаму во текстот: Комисија) до која се доставуваат и која ги разгледува сите пријави за обид за притисок.

Комисијата ја формира Директорот на Агенцијата и брои 3 (три) члена со нивни заменици. Членовите и замениците-членови се бираат од редот на вработените во стручната служба на Агенцијата со мандат од 1 (една) година.

Членовите и замениците-членови на Комисијата, поради нивните активности поврзани со работата на Комисијата, не смеат да бидат отпуштени од работа, да бидат преместени на пониско работно место или да им биде намалена платата за време додека се членови на Комисијата и 2 (две) години потоа.

Член или заменик-член, за злоупотреба на својата позиција во Комисијата одговара во дисциплинска постапка согласно Правилникот за работниот ред и дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## 5. Начин на пријавување на обид за притисок

Секој обид за притисок, лицата на кои се однесува оваа Процедура и се наведени во точката 1, го пријавуваат по пат на електронска пошта до Комисијата.

Во пријавата за пријавување обид за притисок, се наведува/опишува однесувањето/дејствието кое според пријавувачот претставува обид да се влијае врз начинот на извршување на неговите работни задачи и функции или нивно неизвршување, дали станува збор за надворешен или внатрешен обид за притисок со назначување на субјектот кој направил обид за притисок и времето кога бил направен обидот за притисок.

## 6. Постапка по извршен притисок

Пријавата за обид за притисок се евидентира во интерна книга за пријавување обид за притисок, која ја води Комисијата.

По прием на пријавата за обид за притисок, Комисијата ја разгледува пријавата и разговара со подносителот на пријавата и со оној кој наводно извршил притисок доколку станува збор за внатрешен притисок, по што составува записник во кој го образложува своето мислење во врска со поднесената пријава, односно дали според неа постои или не постои обид за притисок. Записникот се доставува до Директорот на Агенцијата (кога подносител на пријавата е вработен во Стручната служба на Агенцијата), односно до Советот на Агенцијата (кога подносител на пријавата е директорот/заменик на директорот на Агенцијата/член на Советот).

Доколку Комисијата во записникот утврди дека пријавата за обид за притисок е основана, пријавата со во прилог записникот се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, со цел за понатамошно постапување.

Мислењето на Комисијата дека во одреден случај не постои обид за притисок, не го спречува лицето кое поднело пријава, самостојно да достави пријава за обид за притисок до Државната комисија за спречување на корупцијата.

7. **Завршни одредби**

Оваа Процедура за пријавување обид за притисок при надзорот и изрекувањето мерки, влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр. 03-3884/1**
**20.10. 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**